# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**1552.**

Врз основа на член 10 став (2) и член 118 став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24, 224/24 и 3/25), а во врска со член 3 од Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/07, 98/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 259/19), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ЕКИПАЖ НА ВОЗДУХОПЛОВ – ПИЛОТИ НА АВИОНИ И ХЕЛИКОПТЕРИ И КАБИНСКИ ПЕРСОНАЛ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот и посебните услови за стручно оспособување на членови на екипаж на воздухоплов – пилоти на авиони и хеликоптери и кабински персонал, утврдување на стручната оспособеност, стекнување на соодветните исправи и формата, содржината, евиденцијата и постапката за нивно издавање, продолжување, обновување или промена, како и за признавање на стекнатото стручно оспособување, положените испити, односно исправите.

Член 2

(1) При спроведувањето на одредбите на овој правилник одделни поими го имаат следното значење:

- “EASA (European Union Aviation Safety Agency)” е Агенција за безбедност во воздухопловството на Европската Унија,
- Национална воздухопловна власт, надлежен орган, надлежен орган на земјите членки се толкуваат, ако е применливо, како Агенција за цивилно воздухопловство (во натамошниот текст: Агенција).

(2) Поимите „Заедница (Community)“, „Право на заедницата (Community law)“, „Законски прописи на Заедницата (Community legislation)“, „Инструменти на Заедницата (Community instruments)“, „Договор за ЕЗ (EC Treaty)“, „Аеродром на Заедницата (Community airport)“, „Службен весник на Европските Заедници (Official Journal of the European Communities)“, „Службен весник на Европската Унија (Official Journal of the European Union)“, „Авиопревозник од Заедницата (Community air carrier)“ и „земја(-и) членка(-и) (Member State(s))“ употребени во ЕУ Регулативите од став (3) на овој член, се читаат согласно точките 2 и 3 од Анексот II на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европската заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/07, 98/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 259/19).

(3) Одделни поими кои се употребени во овој правилник ќе го имаат значењето утврдено во Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилно воздухопловство и за основање на Агенција на Европската унија за безбедност на воздухопловството и за изменување и дополнување на Регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и Директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91 на Советот, со нејзините измени (во натамошниот текст: ЕУ Регулатива 2018/1139) кои согласно член 2 од Правилникот за заедничките основни правила за безбедност кои се однесуваат на различните дејности во областа на цивилното воздухопловство се прифатени и директно се применуваат и согласно Регулативата (ЕУ) бр. 1178/2011 за утврдување на техничките услови и административните постапки во врска со члeновите на екипаж во цивилното воздухопловство согласно Регулативата (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот, изменета и дополнета со ЕУ Регулативите бр. 290/2012, 70/2014, 245/2014, 2015/445, 2016/539, 2018/1065, 2018/1119, 2018/1974, 2019/27, 2019/430, 2019/1747, 2020/359, 2020/723, 2020/2193, 2021/2227, 2023/203, 2024/1111 и 2024/2076 (во понатамошниот текст: ЕУ Регулатива 1178/2011), која се прифаќа и директно се применува, и која е објавена на интернет страната на Агенцијата.

Член 3

(1) Начинот и посебните услови за стручно оспособување на членови на екипаж на воздухоплов – пилоти на авиони и хеликоптери и кабински персонал, утврдување на стручната оспособеност, стекнување на соодветните исправи и формата, содржината, евиденцијата и постапката за нивно издавање, продолжување, обновување или промена, како и за признавање на стекнатото стручно оспособување, положените испити, односно исправите се утврдени во ЕУ Регулативата 2018/1139 и ЕУ Регулативата 1178/2011.

(2) Посебните услови во однос на опремата/симулаторите за вршење на обука, односно за организациите кои организираат обука на симулатори се утврдени со ЕУ Регулативите од член 2 став (3) на овој правилник.

(3) Овластувањето за кабински персонал (Attestation) се издава од страна на операторот на воздухоплов или овластена организација или центар за обука во согласност со член 62 (4)б од ЕУ Регулативата 2018/1139.

Член 4

При примената на ЕУ Регулативата 1178/2011 и нејзините измени од член 2 на овој правилник како препорачана практика се користат:

1) Одлуката бр. 2011/016/R на извршниот директор на EASA која ги содржи Прифатливите начини на усогласување (Acceptable Means of Compliance - AMC) и Упатствата за примена (Guidance Material) за Annex I (Part FCL),

2) Одлуката бр. 2012/005/R на извршниот директор на EASA која ги содржи Прифатливите начини на усогласување (Acceptable Means of Compliance - AMC) и Упатствата за примена (Guidance Material) за Annex V (Part CC),

3) Одлуката бр. 2012/006/R на извршниот директор на EASA која ги содржи Прифатливите начини на усогласување (Acceptable Means of Compliance - AMC) и Упатствата за примена (Guidance Material) за Annex VI (Part ARA),

4) Одлуката бр. 2012/007/R на извршниот директор на EASA која ги содржи Прифатливите начини на усогласување (Acceptable Means of Compliance - AMC) и Упатствата за примена (Guidance Material) за Annex VII (Part ORA),

5) Одлуката бр. 2018/009/R на извршниот директор на EASA која ги содржи Прифатливите начини на усогласување (Acceptable Means of Compliance - AMC) и Упатствата за примена (Guidance Material) за Annex VIII (Part DTO),

6) Одлуката бр. 2018/006/R на извршниот директор на EASA која ги содржи Спецификациите за сертификација на Уреди за симулирање на лет на авион - CS-FSTD (A) и

7) Одлуката бр. 2012/011/R на извршниот директор на EASA која ги содржи Спецификациите за сертификација на Уреди за симулирање на лет на хеликоптер - CS-FSTD (H),

вклучувајќи ги и сите нивни измени кои се однесуваат на тие ЕУ Регулативи, кои се објавени на интернет страната на EASA, кои се прифаќаат и директно се применуваат.

Член 5

(1) Агенцијата согласно член 118 став (2) од Законот за воздухопловство води постапка за издавање, продолжување, обновување или промена на соодветните исправи утврдени со овој правилник.

(2) На постапките од став (1) на овој член, супсидијарно се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка доколку не е поинаку утврдено со ЕУ Регулативите од член 3 на овој правилник.

(3) По исклучок од став (2) на овој член во постапките кои се утврдени со овој правилник, странките може да доставуваат докази за исполнетост на пропишаните услови и на англиски јазик.

(4) По исклучок од став (2) на овој член управните постапки за издавање, продолжување, обновување, ограничување и/или промена на дозволите и/или овластувањата на пилоти на авиони и хеликоптери се завршуваат во најкус можен рок, а најдоцна во рок од шест месеци од денот на нивното поведување.

(5) Рокот од став (4) на овој член започнува да тече од денот кога странката ја поднела целокупната документација утврдена со овој правилник за соодветното барање.

Член 6

За пилоти на авиони и хеликоптери наведени во Анекс I на ЕУ Регулативата 2018/1139, условите за стекнување на дозволите и овластувањата се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

(1) Одредбите на ЕУ Регулативата 2023/203 со која е изменета ЕУ Регулативата 1178/2011 ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2027 година.

(2) Одредбите на ЕУ Регулативата 2024/1111 со која е изменета ЕУ Регулативата 1178/2011 ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.

Член 8

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за екипаж на воздухоплов (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 228/20).

Член 9

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јуни 2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 10-499/1 | Директор на Агенција |
| 4 април 2025 година | за цивилно воздухопловство, |
| Скопје | **Драги Стојаноски,** с.р. |

ПРИЛОГ

**Услови за стекнување на дозволи и овластувања за пилоти на авиони и хеликоптери наведени во Анекс I на ЕУ Регулатива 2018/1139**

ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со овој прилог се пропишуваат:

а). условите кои мора да ги исполнува лицето кое управува со:

- авиони и хеликоптери наведени во Анекс I на ЕУ Регулативата 2018/1139, кои се впишани во регистарот на воздухоплови на Република Северна Македонија, и

- EASA авиони и хеликоптери кои се впишани во регистарот на воздухоплови на Република Северна Македонија за време на користење на истите при потрага и спасување, гаснење пожари и слични активности неопфатени со ЕУ Регулативата 965/2012 и нејзините измени и дополнувања.

б) видовите, правата, условите и начинот на стекнување, издавањето и одржувањето на важноста на дозволите и овластувањата за управување на воздухопловите од подточка а) на овој став.

По исклучок од став (1) на оваа точка, одредбите на овој прилог не се применуваат на лицата кои управуваат со Анекс I тип на авиони или хеликоптери кога истите се во согласност со ЕУ Регулатива 2018/1139, и истите се користат за комерцијален воздушен превоз.

По исклучок од став (1) на оваа точка, одредбите на овој прилог не се применуваат на пилоти на ултралесни летала, крила за слободно летање и други Анекс I воздухоплови кои не се по ICAO стандарди.

2. Поимите употребени во овој прилог го имаат следното значење:

1) Анекс I авиони и хеликоптери се авиони и хеликоптери наведени во Анекс I на ЕУ Регулативата 2018/1139;

2) EASA авиони и хеликоптери се авиони и хеликоптери наведени во членот 4, став 1 на ЕУ Регулативата 2018/1139;

3) EASA е Агенција за безбедност во воздухопловството на Европската унија.

4) Национална дозвола е дозвола на пилот на Анекс I авион или хеликоптер издадена согласно одредбите на овој прилог;

5) Овластување за класа на авион е овластување за управување на еднопилотен авион со еден или повеќе клипни мотори или еден елисомлазен мотор, кој не е сложен авион, кое се впишува во Part FCL дозволата;

6) Овластување за тип на Анекс I авион или хеликоптер е овластување за управување со еднопилотен или повеќе пилотен авион или хеликоптер кое се впишува во националната дозвола;

7) Part FCL дозвола е дозвола издадена или дозвола која се смета дека е издадена во согласност со ЕУ Регулативата 1178/2011 и нејзините измени и дополнувања;

8) Сложен авион е авион:

- со сертифицирана најголема допуштена маса при полетување поголема од 5.700 кг или
- е сертифициран за конфигурација за најголем број на патнички седишта, кој е поголем од 19, или
- е сертифициран за лет со најмал број на екипаж, кој се состои од најмалку два пилота, или
- е опремен со еден или повеќе турбомлазен мотор или повеќе елисомлазен мотор.

9) Сектор на рута е лет кој опфаќа полетување, процедура на полетување, лет не пократок од 15 минути, процедура на слетување, приод и слетување.

ОПШТИ УСЛОВИ

3. Лице може да управува со авиони наведени во Анекс I на ЕУ Регулативата 2018/1139, само доколку:

(а) поседува важечка дозвола издадена согласно ЕУ прописите наведени во член 2 на овој правилник, со соодветни овластувања, (во натамошен текст: Part FCL дозвола)

(б) во Part FCL дозволата има впишано овластување за соодветната класа на Анекс I авионот,

(в) изврши преобука за одреден тип во рамките на овластувањето за класа на Анекс I авиони, во согласност со ограничувањата и правата од Part FCL дозволата.

Лице може да управува со авион или хеликоптер наведен во Анекс I на ЕУ Регулативата 2018/1139, само доколку:

(а) поседува соодветна важечка национална дозвола издадена согласно овој прилог и

(б) во националната дозвола има впишано важечко овластување за Анекс I тип на авион или хеликоптер, во согласност со ограничувањата и правата од националната дозвола.

За време на спроведување на обуката за стекнување на овластување за управување со Анекс I тип на авион или хеликоптер, односно за време на спроведување на преобуката за одреден тип во рамките на овластувањето за класа Анекс I авиони, кандидат кој се оспособува може да управува со Анекс I тип на авион или хеликоптер на кој се оспособува иако не ги исполнува условите од став (1), точка (в), односно став (2) на оваа точка.

Лице може да управува со EASA авиони и хеликоптери за време на користење на истите при потрага и спасување, гаснење пожари и слични активности само доколку поседува соодветна Part FCL дозвола.

Лице може да управува со Анекс I тип на авиони и хеликоптери за време на користење на истите при потрага и спасување, гаснење пожари и слични активности само доколку поседува соодветна дозвола за управување со Анекс I авиони или хеликоптери предвидени со овој прилог, само во согласност со ограничувањата и правата од дозволата.

4. Лицето кое поседува дозвола издадена во согласност со овој прилог мора да поседува посебна книшка за летање на пилоти во која се запишуваат остварениот налет и деталните записи од сите остварени летови со авиони и хеликоптери наведени во Анекс I на ЕУ Регулативата 2018/1139.

ПРЕОБУКА ЗА РАЗЛИКИ ИЛИ ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ОДРЕДЕН ТИП ВКЛУЧЕН ВО ОВЛАСТУВАЊАТА ЗА КЛАСА НА АВИОНИ НАВЕДЕНИ ВО АНЕКС I НА ЕУ РЕГУЛАТИВАТА 2018/1139

5. За лице да може да управува со одреден тип вклучен во овластувањето за класа на Анекс I авиони, мора да помине предходна преобука за разлики или запознавање.

Доколку лице нема управувано со одреден тип на авион, вклучен во овластувањето за класа во период подолг од две години, пред управување мора повторно да помине преобука, освен кога се работи за едномоторен клипен авион.

Завршената преобука мора да биде запишана во книшката за летање на пилоти и потпишана од страна на инструктор за летање или инструктор за класата на авион, кој има право да спроведува преобука за тој тип вклучен во овластувањето за класа.

НАЦИОНАЛНИ ДОЗВОЛИ ЗА ТИП АВИОНИ И ХЕЛИКОПТЕРИ НАВЕДЕНИ ВО АНЕКС I НА ЕУ РЕГУЛАТИВАТА 2018/1139

6. Агенцијата во согласност со овој прилог ги издава следните национални дозволи:

(а) Дозвола за пилот за тип на Анекс I авион за изведување некомерцијални операции – NPPL(A),

(б) Дозвола за пилот за тип на Анекс I авион за изведување комерцијални операции - NCPL(A),

(в) Дозвола за пилот за тип на Анекс I хеликоптер за изведување некомерцијални операции – NPPL(H),

(г) Дозвола за пилот за тип на Анекс I хеликоптер за изведување комерцијални операции -NCPL(H).

7. Имателот на NPPL(A) и NPPL(H) дозвола може да управува со Анекс I авион или хеликоптер регистриран во Република Северна Македонија, за кој поседува важечко овластување за тип на Анекс I авион или хеликоптер на летови кои се изведуваат во македонскиот воздушен простор, за кои не се прима надомест.

Имателот на NCPL(A) и NCPL(H) дозвола може да управува со Анекс I авион или хеликоптер регистриран во Република Северна Македонија, за кој поседува важечко овластување за тип на Анекс I авион или хеликоптер на летови кои се изведуваат во македонски воздушен простор, за кои се прима надомест.

8. Агенцијата ќе издаде национална дозвола за пилот на Анекс I авион или хеликоптер на барање на кандидат кој ќе достави доказ за завршена обука за овластување за тип на Анекс I авион или хеликоптер согласно условите од овој прилог и кој ќе докаже исполнетост на следните услови:

(а) за стекнување на NPPL(A) дозвола кандидатот мора да поседува важечка Part FCL дозвола за приватен пилот на авион - PPL(A), или комерцијален пилот на авион - CPL(A) или сообраќаен пилот на авион – ATPL(A) и важечко уверение за здравствена способност категорија 2 или 1 издадена во согласност со Part MED.

(б) за стекнување на NCPL(A) дозвола кандидатот мора да поседува важечка Part FCL дозвола за комерцијален пилот на авион - CPL(A), или сообраќаен пилот на авион – ATPL(A) и важечко уверение за здравствена способност категорија 1 издадена во согласност со Part MED.

(в) за стекнување на NPPL(H) дозвола кандидатот мора да поседува важечка Part FCL дозвола за приватен пилот на хеликоптер - PPL(H), или комерцијален пилот на хеликоптер - CPL(H) или сообраќаен пилот на хеликоптер – ATPL(H) и важечко уверение за здравствена способност категорија 2 или 1 издадена во согласност со Part MED.

(г) за стекнување на NCPL(H) дозвола кандидатот мора да поседува важечка Part FCL дозвола за комерцијален пилот на хеликоптер - CPL(H), или сообраќаен пилот на хеликоптер – ATPL(H) и важечко уверение за здравствена способност категорија 1 издадена во согласност со Part MED.

9. Важноста на дозволата е определена од важноста на уверението за здравствена способност, важноста на впишаното ниво на јазична способност и важноста на овластувањето за тип на Анекс I авиони или хеликоптери впишани во дозволата.

## СТЕКНУВАЊЕ И ВАЖНОСТ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА АВИОНИ И ХЕЛИКОПТЕРИ НАВЕДЕНИ ВО АНЕКС I НА ЕУ РЕГУЛАТИВАТА 2018/1139

10. Агенцијата на барање на кандидат ќе впише овластување за тип на Анекс I авиони или хеликоптери во националната дозвола доколку кандидатот достави доказ за завршена обука за овластување за тип на Анекс I авион или хеликоптер во согласност со условите наведени во овој прилог.

Пред почетокот на обуката за тип на Анекс I авиони или хеликоптери, инструктор кој има право да спроведува обука мора да изготви програма за обука и истата да ја достави на одобрување до Агенцијата заедно со листа на кандидати за обука и докази од кои се гледа дека инструкторот и кандидатите ги исполнуваат условите за спроведување на обука утврдени со овој прилог. Агенцијата ќе издаде одобрение само ако ја смета за прифатлива програмата за оспособување.

Пред почетокот на обуката за прво стекнување на овластување за тип на Анекс I авиони кандидатот мора да има најмалку 200 часа вкупен налет со авион од кои 70 часа налет во улога на водач на авион.

Пред почетокот на обуката за прво стекнување на овластување за тип на Анекс I повеќемоторни хеликоптери кандидатот мора да има најмалку 70 часа налет во улога на водач на хеликоптер.

Пред почетокот на обуката кандидатот треба да докаже дека ги положил теоретските испити за стекнување на дозвола за сообраќаен пилот на авион (ATPL theory) во согласност со одредбите за Part FCL дозвола.

По исклучок од став (1) на оваа точка, лице кое поседува овластување за управување со Анекс I авион или хеликоптер издадено од страна на Министерството за одбрана или Министерството за внатрешни работи, Агенцијата во националната дозвола за тип на Анекс I авион или хеликоптер ќе впише овластување доколку:

(а) Министерството за одбрана или Министерството за внатрешни работи потврди дека овластувањата се важечки во моментот на издавање на националната дозвола, или

(б) лицето докаже дека ги исполнува условите за тип на Анекс I авион или хеликоптер потребни за одржување на важноста на овластувањето.

Програмата за обука мора да ги содржи најмалку следните елементи:

(а) најмалку 8 часа теоретска настава која ги опфаќа следните теми:

i. општо,

ii. системи во воздухоплов,

iii. ограничувања (limitations),

iv. погонска група,

v. преглед пред полетување,

vi. нормални процедури за време на сите фази од летот,

vii. постапки во вонредни ситуации и во опасност (на пример, маневри во случаи на отказ и дефект на опрема, постапки во случаи на онеспособеност на член на екипаж и соработка на членовите на екипажот вклучувајќи го и утврдувањето на задачите на пилотот, соработка на членовите на екипажот и користење на листата за проверки (check list), итн.).

viii. маса, рамнотежа, опслужување и перформанси (Mass and Balance, Performance),

ix. останати елементи за кои инструкторот смета дека се потребни;

(б) најмалку 4 часа практична обука за време во лет под надзор на инструктор кој има право да спроведува обука и да управува со тип на Анекс I авион или хеликоптер за кои се спроведува обуката, вклучувајќи најмалку 6 полетувања и 6 слетувања;

(в) листите за проверка со цел утврдување на теоретското познавање со дефинирани критериуми кои треба да се задоволат, како и листите за спроведување на проверки за време на летот со дефинирани критериуми кои треба да се задоволат.

По исклучок од став (7) на оваа точка, доколку оцени дека е потребно, Агенцијата може да го зголеми минималниот број часови во програмата за обука за тип на Анекс I авиони и хеликоптери, во делот на теоретската и практичната обука, во зависност од предходното искуство на пилотот, сложеноста и големината на воздухопловот.

По завршување на теоретската и практична обука, инструкторот ја утврдува способноста на кандидатот самостојно да управува со Анекс I тип на авиони и хеликоптери, на начин при што кандидатот треба:

(а) да положи теоретски испит кој ги содржи сите елементи од наставата по теоретско познавање и

(б) да ја положи проверка во лет, во присуство на инспектор од Агенцијата.

По завршената обука и положениот теоретски испит и проверката во лет, инспекторот ги впишува и заверува со свој потпис во книшката за летање на пилоти дека обуката е завршена и дека кандидатот е спремен безбедно да управува со авион или хеликоптер.

Завршената обука, испитите и проверката ќе бидат прифатени со цел впишување на овластување во дозвола само доколку истите се извршени во рок од 12 месеци од датумот на одобрување на програмата за обука.

Кандидатот кој нема да ги исполни условите за впишување на овластувањето за тип на Анекс I авион или хеликоптер во рок од 12 месеци од датумот на одобрувањето на програмата за обука, треба пред повторно отпочнување на обука да побара повторно одобрување на програмата за обука.

На имателот на важечка дозвола издадена од страна на земја членка на Европската Унија со впишано важечко овластување за тип на Анекс I авион или хеликоптер, Агенцијата по издавање на национална дозвола во согласност со овој прилог, ќе му впише овластување за тој тип.

11. Овластувањето за тип на Анекс I авион или хеликоптер се смета за важечко доколку имателот на дозволата во периодот од последните 12 месеци остварил налет од најмалку 10 сектори на рута на тип на Анекс I авион или хеликоптер за кој поседува овластување впишано во националната дозвола.

За да се обнови важноста на овластувањето, имателот на дозволата треба да помине најмалку 2 часа обука, вклчувајќи најмалку 3 полетувања и 3 слетувања на тип на Анекс I авион или хеликоптер за кој му истекло овластувањето, со инструктор за тип на Анекс I авион или хеликоптер. Инструкторот, во книшката за летање на пилоти на имателот на националната дозвола за тип на Анекс I авион или хеликоптер ја заверува успешно завршената обука и ќе ја наведе способноста за самостојно летање. Доколку го смета тоа за потребно, инструкторот може да одреди дополнителни услови како и дополнително времетраење на обуката.

ИНСТРУКТОРИ ЗА АНЕКС I ТИП НА АВИОНИ ИЛИ ХЕЛИКОПТЕРИ

12. Агенцијата, на барање на имателот на дозвола ќе запише во националната дозвола за пилот на авион овластување за инструктор за Анекс I тип на авион доколку ги достави следните докази:

(а) впишано важечко овластување за инструктор за тип (TRI(A)) во Part FCL дозволата,

(б) доказ за извршени 50 часа налет со Анекс I тип на авион за кој бара впишување на овластување за инструктор.

Агенцијата, на барање на имателот на дозволата ќе запише во националната дозвола за пилот на хеликоптер овластување за инструктор за Анекс I тип на хеликоптер доколку ги достави следните докази:

(а) впишано важечко овластување за инструктор (FI(H)) без впишано ограничување, или инструктор за тип (TRI(H)) во Part FCL дозволата,

(б) доказ за извршени 50 часа налет со Анекс I тип на хеликоптер за кој бара впишување на овластување за инструктор.

По исклучок од ставовите (1) и (2) на оваа точка, имателите на национални дозволи кои стекнале овластување за управување со Анекс I тип на авион или хеликоптер издадено од страна на Министерството за одбрана или Министерството за внатрешни работи, а со кои се докажува дека обавувале работи на инструктори на тој Анекс I тип на авион или хеликоптер во Министерството за одбрана или Министерството за внатрешни работи, Агенцијата ќе впише овластување инструктор за тип, кое ќе биде ограничено само на спроведување на обука со цел обнова на важноста на овластувањето за тип.

13. Правата на инструкторот за Анекс I тип на авион или хеликоптер без впишано ограничување во националната дозвола опфаќаат спроведување на обуката за стекнување на овластување за Анекс I тип на авион или хеликоптер, како и спроведување на обука со цел обнова на важноста на овластувањето за тип.

Правата на инструкторот за Анекс I тип на авион или хеликоптер со впишано ограничување во националната дозвола опфаќаат спроведување на обуката со цел обнова на важноста на овластувањето за тип.

14. Со цел спроведување на обуката за стекнување на овластување како и спроведување на обука со цел обнова на важноста на овластувањето за тип на Анекс I авион или хеликоптер, се прифаќаат инструктори кои имаат дозволи и право да вршат обука за тип на Анекс I авион или хеликоптер издадени во согласност со Чикашката конвенција.

Доколку имател на дозвола помине обука за тип на Анекс I авион или хеликоптер со цел обнова на важноста на овластувањето за тип, со инструктор од странство, должен е во рок од 30 дена од завршувањето на обуката да достави примерок од книшката за летање на пилоти, како и доказ дека инструкторот поседува дозвола и право за вршење на обука за тип на Анекс I авион или хеликоптер, во спротивно спроведената обука ќе се смета за неважечка.

НИВО НА ПОЗНАВАЊЕ НА ЈАЗИК ЗА НАЦИОНАЛНА ДОЗВОЛА

15. Имателите на национална дозвола треба да демонстрираат способност да го говорат и разбираат јазикот (македонски и/или англиски) кој се користи во радиотелефонската комуникација- ниво на познавање на јазик.

Нивото на познавање на јазик кое кандидатот мора да го докаже е најмалку ICAO оперативно ниво (Operational level)- ниво 4.

Утврдувањето на нивото на познавање јазик се спроведува на начин утврден од страна на Агенцијата.

Во националната дозвола се впишува нивото на познавање на јазик кое имателите веќе го имаат впишано во Part FCL дозволата.

По исклучок на став (2) на оваа точка, кандитатите кои нема да достават доказ за познавање на англиски јазик ICAO оперативно ниво (Operational level)- ниво 4, правата од дозволата им се ограничуваат за летање во македонски воздушен простор.

**1553.**

Врз основа на член 121 став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24, 224/24 и 3/25), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПЕРСОНАЛОТ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината, како и начинот на водење на регистарот на персоналот во воздухопловството (во понатамошниот текст: регистар на персонал).